Собранието на здружението СПЕЛЕОЛОШКИ КЛУБ ЗЛАТОВРВ - Прилеп за време на основачкото собрание на ден 28.02.2011 год. ја донесе следната програма за работа:

# П Р О Г Р А М А

1. Основна задача на здружението СПЕЛЕОЛОШКИ КЛУБ ЗЛАТОВРВ - Прилеп, ќе биде да ги продолжи и збогати во духот на новото време традициите и спелеолошките достигнувања на најстариот планинарски клуб во Република Македонија "Златоврв"

2. Клубот ќе работи активно на создавање висока спортска култура и хуман однос како кај сите спелеолози така и кај останатите членови на клубот.

3. За остварување на целите и задачите клубот во својата програма предвидува организирање курсеви, семинари, предавања и тренинзи за совладување на спелеолошките техники.

4. Организира спелеолошки експедиции и спелеолошки истражувања на пештери особено на територијата на општина Прилеп, но и во другите делови на Р.Македонија, како и во странство.

5. Клубот ќе организира предавања, семинари, курсеви и трибини за карактеристиките и значењето на пештерите и карстот, потребите и начините за заштита.

6. Организира учество за своите членови на семинари, школи и други активности организирани од Федерацијата на Планинарски Спортови на Македонија и Спелеолошката Федерација на Македонија со цел оспособување стручни кадри за потребите на клубот, а воедно и федерацијата.

7. Клубот се грижи за изградба и опремување на отворени и затворени спортски објекти (вештачки ѕид, природни вежбалишта и карпи).

8. Врши набавки на специјална спелеолошка опрема, нејзино одржување во исправана состојба и чување.

9. Клубот ќе формира локален катастар на спелеолошки објекти, кој редовно ќе се надополнува со нови резултати од истражувањата на клубот, како и од соработки со други организации.

10. Врши и други активности за развој и омасовување на спелеологијата во Прилеп и пошироко.

11. Клубот се грижи за заштита на пештерите и карстот , како и природата воопшто.

Прилеп, 28.02.2011 год.

Претседател

___________________

**Темовски Марјан**